Врз основа на член 8 став (1) точка 3), а во врска со член 23, член 24 и член 25 став од Законот за ревизија ("Службен Весник на Република Македонја" бр.158/10, 135/11, 50/12, 188/13,43/14 и 138/14), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија на седница одржана на 05.06.2015 година донесе:

## Правилник
## за издавање на лиценца за овластен ревизор,лиценца за работа на друштво за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор - трговец поединец

Член 1

Со овој Правилник се пропишува постапката на издавање на лиценца за работа на овластен ревизор, лиценца за работа на друштво за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор- трговец поединец.

Член 2

Лиценцата за работа на овластен ревизор се издава врз основа на поднесено писмено барање на пропишан образец до Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија (во понатамошниот текст: Советот) доколку ги исполнува условите од Законот и ја достави потребната документација од член 23 од Законот за ревизија.

Член 3

Лиценца за работа на друштво за ревизија се издава врз основа на поднесено писмено барање на пропишан образец потпишан од овластеното лице на друштвото за ревизија до Советот, доколку ги исполнува условите и ја достави потребната документација од член 24 од Законот за ревизија.

Член 4

Лиценцата за работа на овластен ревизор – трговец поединец се издава врз основа на поднесено писмено барање на пропишан образец потпишан од овластеното лице на трговецот поединец до Советот, доколку ги исполнува условите и ја достави потребната документација од член 25 од Законот за ревизија.

Член 5

Стручната служба на Советот врши проверка дали доставената документација е комплетна, односно дали истата е доставена согласно член 23 од Законот за ревизија за барање за издавање на лиценца за овластен ревизор, согласно член 24 за барање на лиценца за друштво за ревизија и согласно член 25 за барање на лиценца за овластен ревизор – трговец поединец.

Член 6

По извршената проверка на доставената документација стручната служба подготвува извештај за контрола на документи поднесени со барањето во зависност за кој вид лиценца е поднесено барањето.

Извештајот за контрола на документи поднесени со барањето задолжително содржи заклучок со кратко образложение зошто се предлага издавање или неиздавање на лиценца, и е во функција на одлучување на Советот.

Член 7

Во случај кога стручната служба констатира дека поднесената документација е некомплетна, претседателот на Советот донесува Заклучок за запирање на постапката до комплетирање на документацијата и истиот го доставува до барателот независно дали е физичко или правно лице.

Член 8

Советот е должен во рок од 15 дена од приемот на комплетното барање со решение да одлучи по барањето за издавање на лиценца за овластен ревизор.

Советот е должен во рок од 30 дена од приемот на комплетното барање со решение да одлучи по барањето за издавање на лиценца за работа на друштво за ревизија и по барањето за издавање на лиценца за работа на овластен ревизор-трговец поединец.

Против решението од став 1 и став 2 на овој член може да се поведе судска постапка.

Член 9

Извештајот за контрола на документите поднесени со барањето за добивање на лиценца за овластен ревизор ,лиценца за работа на друштво за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор-трговец поединец се составен дел на овој Правилник.(Прилог 1,Прилог 2 и Прилог 3).

Член 10

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во “Службен Весник на Република Македонија”.

Претседател на Советот,
Соња Ѓелова – Стојанова

Број 01-497/1
17.06.2015 година
Скопје

**ПРИЛОГ 1**

## Извештај за контрола на документи поднесени со барањето за добивање лиценца за овластен ревизор

| **Подносител на барање** | | |
|---|---|---|
| Број и датум на барањето | | |
| Некомплетни документи | | |
| Дата на комплетирање на документите | | |
| Датум на извршена контрола | | |
| **Потребни документи кон барањето согласно Законот за ревизија** | Доставено | Не е доставено |
| Писмено барање потпишано од подносителот | | |
| Уверение за ревизор (копија заверена на нотар) Бр. ___________ Дата на издавање ________________ Потврда за работно искуство од ______________________________ Дата на издавање ________________ Потврда од АВРМ Дата на издавање _____________ | | |
| Уплата за лиценца за овластен ревизор | | |
| Член од Законот за ревизија врз основа на кој се бара лиценца за овластен ревизор | | |

**ЗАКЛУЧОК:** ________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

Претседател на Советот
Соња Ѓелова - Стојанова

**ПРИЛОГ 2**

## Извештај за контрола на документи поднесени со барањето за добивање лиценца за друштво за ревизија

| | | |
|---|---|---|
| **Подносител на барање од овластено лице на друштвото** | | |
| Број и датум на барањето | | |
| Некомплетни документи | | |
| Дата на комплетирање на документите | | |
| Датум на извршена контрола | | |
| **Потребни документи кон барањето согласно Законот за ревизија** | Дополнителни информации | Доставено |
| Лиценци за овластени ревизори:<br>______________________<br>______________________ | (копија заверена на нотар)<br><br>Рег. бр. __; од _________<br>Рег. бр. __; од _________ | |
| Доказ за вработување:<br>- потврда од АВРМ,<br>дата на издавање: ____________ | - _____________________ (ОР)<br>(вработена на неопределено време во _________________ од _____________)<br><br>- _____________________ (ОР)<br>(вработена на неопределено време во _________________ од _____________) | |
| Мнозинството со право на глас (чл. 24 став 1 точка 2 од Законот за ревизија) | | |
| Сопственичка структура | | |
| Полиса за осигурување од одговорност | | |
| Тековна состојба | | |
| Потврда од ЦРРМ дека друштвото не е евидентирано во Регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење на одделна дејност | дата на издавање:<br>____________________ | |

| | | |
|---|---|---|
| Потврда од ЦРРМ дека друштвото не е евидентирано во Регистарот на споредни казни за сторени кривични дела на правни лица кај ЦРРМ | дата на издавање:<br>____________________ | |
| Потврда од ЦРРМ дека мнозинството со право на глас во друштвото за ревизија е во сопственост на овластени ревизори | Дата на издавање<br>____________________ | |
| Уплата за лиценца за друштво за ревизија | | |
| Член од Законот за ревизија врз основа на кој се бара лиценца за друштво за ревизија | член 24 | |

ЗАКЛУЧОК: ______________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

Претседател на Советот
Соња Ѓелова - Стојанова

**ПРИЛОГ 3**

# Извештај за контрола на документи поднесени со барањето за добивање лиценца за овластен ревизор - трговец поединец

| | | |
|---|---|---|
| Подносител на барање од овластено лице на друштвото | | |
| Број и датум на барањето | | |
| Датум на извршена контрола | | |
| Потребни документи кон барањето согласно Законот за ревизија | Дополнителни информации | Доставено |
| Уверение за ревизор издадено на име на подносител на барањето | | |
| Лиценца за овластен ревизор издадена на име на подносител на барањето | | |
| Решение за упис во Трговскиот регистар кај ЦРРМ | датум на издавање: ________ | ДА |
| Доказ дека овластениот ревизор подносител на барањето е вработен | датум на издавање ________ | ДА |
| Потврда од ЦРРМ дека не е евидентиран во Регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење на професија за вршење на одделна дејност (трајна забрана и привремена забрана) | датум на издавање: 01.12.2014 година и 20.01.2015 година | ДА |
| Потврда од ЦРРМ дека не е евидентиран во Регистарот на споредни казни за сторени кривични дела на правни лица кај ЦРРМ (трајна забрана, привремена забрана и забрана за учество во јавен повик) | датум на издавање: 20.01.2015 година | ДА |
| Доказ за осигурување од одговорност од штета | покривање по штетен настан од ________ евра | ДА |
| | доказ за уплата на полисата | ДА |
| Доказ за уплата на надоместок за издавање на лиценцата | датум на уплата: ________ | ДА |
| Изјава согласно член 25 став (2) точка 2) од Законот за ревизија | датум на издавање: ________ | ДА |

ЗАКЛУЧОК: ____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

Претседател на Советот,
Соња Ѓелова - Стојанова